*Психологија: наука и практика*, Vol. VI (11-12), 2022

УДК: 159.922.8:17.021.1
Изворен научен труд

# МОРАЛНО МИСЛЕЊЕ И МОРАЛНИ ЧУВСТВА КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ

**Ана Фрицханд[1],**
*Институт за психологија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје*

**Зоран Киткањ,**
*Институт за специјална едукација и рехабилитација, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје*

**Кратка содржина**

Моралното мислење и моралните чувства претставуваат два важни домени во областа на психологијата на моралот. Основната цел на ова истражување е да се испита поврзаноста помеѓу моралното мислење и моралните чувства во периодот на адолесценција. Оттука, двата истражувачки проблеми кои се разгледуваат, се: *дали постои поврзаност помеѓу моралното мислење и моралните чувства кај адолесценти*? и *дали постојат разлики помеѓу адолесценти и адолесцентки од средна и доцна адолесценција во поглед на моралното мислење и моралните чувства*? Во ова истражување се вклучени вкупно 475 адолесценти, од средна ($N$ = 352) и доцна ($N$ = 123) адолесценција. Притоа, 167 испитаници се од машки пол, а 308 испитаници се од женски пол. Од вкупниот број испитаници, 219 адолесценти учат во гимназија, 130 во техничко средно училиште, а 126 се студенти. При проверка на поврзаноста помеѓу моралното мислење и моралните чувства значајна поврзаност ($p < .01$) е добиена помеѓу анализираните морални чувства, односно помеѓу компонентите на моралното мислење, но не и помеѓу двете варијабли. Направената двофакторска АНОВА потврдува значајни главни ефекти за возраст ($F = 6.111$; $p < .05$) и за пол ($F = 7.826$; $p < .01$), но не и значаен интеракциски ефект. Ова значи дека повозрасните адолесценти и оние од женски пол имаат поразвиено морално мислење, во споредба со помладите адолесценти и со оние од машки пол. При анализа на разликите во моралните чувства, се покажува дека испитаниците од средна адолесценција повеќе чувствуваат вина, во споредба со повозрасните адолесценти ($U = 17670.5$; $p < 0.01$). Разлики помеѓу половите во однос на моралните чувстване се пронајдени.

**Клучни зборови:** *морално мислење, морални чувства, адолесценција*

[1] anaf@fzf.ukim.edu.mk

## Вовед

Моралното мислење и моралните чувства претставуваат два важни домени во областа на психологијата на моралот. Тие посебно интензивно се развиваат во периодот на адолесценција. Истражувањата на моралното мислење и моралното расудување во теоријата и емпиријата се присутни подолго од истражувањата на моралните чувства, пред сè благодарение на силното и децениски долго влијание на когнитивно-развојните теории на Жан Пијаже и Лоренс Колберг. Почнувајќи од последните две декади на минатиот век, во психологијата на моралот интензивно се преиспитуваат и надградуваат многу традиционални поими, меѓу кои и поимот на морално мислење (на пр. Thoma & Bebeau, 2008; Thoma, Bebeau, & Boland, 2008; Thoma, Hestevold, Sargent, & Crowson, 2005). Основна причина за ваквите поместувања на интересот на авторите, е тоа што емпиријата покажува дека стадиумот кој поединецот го постигнува во развојот на моралното мислење не е сеопфатен, ниту сигурен показател дека тој/таа ќе се однесува морално во ситуација кога ќе се соочи со реална морална дилема. Оттука, при заклучувањето и предвидувањето на неговото/нејзиното однесување неопходно е да се интегрираат сознанијата од сите аспекти на моралноста.

Важноста на емоциите и сознавањето во моралот се дискутира со векови во филозофијата на моралот – процес кој трае до денес. Потребата од континуирано истражување на поврзаноста помеѓу моралното мислење и моралните чувства, што е цел и на овој труд, произлегува од повеќе научни сознанија. Меѓу другото, тоа се јасната разлика помеѓу знаењето дека нешто е морално погрешно и чувството дека нешто е морално погрешно, потоа релевантните сознанија од невронауката кои упатуваат на тоа дека различни региони од мозокот се активираат кога поединецот расудува за апстрактна, морално неутрална и за реална (конкретна) морална дилема во која постои емоционална вклученост при донесување на морални одлуки (пр. Casebeer, 2003; Greene, Sommerville, Nystrom, Darley, & Cohen, 2001; Moll et al., 2005; Rozin, Haidt, & Fincher, 2009; Waldman, 2006), како и сè уште недоволно јасните сознанија околу тоа дали и како знаењето и чувствувањето за тоа што е правилно, а што погрешно се испреплетуваат во текот на развојот.

## Морално мислење и неговиот развој во периодот на адолесценција

Развојот на моралното мислење е тесно поврзан со сознајниот развој. Како што адолесцентите напредуваат во когнитивните способности, се очекува да напредуваат и во способностите за морално мислење. Со зголемување на возраста адолесцентите стануваат поспособни да ги земат предвид морални-

те вредности и позицијата на актерот во конкретната морална дилема. Тоа е поврзано со вредносниот систем што адолесцентот го има изградено, но и со достигнатиот степен на морален развој во целина. Поголемиот дел од адолесцентите имаат способност за повеќе морални перспективи. Која од нив ќе го води моралното мислење и моралното однесување зависи од влијанието на средината, полот, културата итн. Моралното мислење може да резултира не само во расудување за односите, туку и во повисоки форми на морално разбирање кои ги координираат различните морални перспективи. Колку е моралната ситуација со која поединецот се соочува посложена, толку ваквите различни морални перспективи можат да генерираат различни интерпретации на истата и да ја зголемат несигурноста во врска со моралните акции што би можеле да се преземат (Moshman, 2005).

Во теоријата на Колберг (според Мурџева-Шкариќ, 2011) лицата во средна адолесценција фокусот го ставаат врз словото на законот и на законите гледаат како на императиви што мора да се почитуваат и околу кои не се дискутира. Кога адолесцентите во нивниот сознаен развој ќе го достигнат стадиумот на формални операции, влегуваат во третото, постконвенционално ниво и судат врз основа на општествените договори, привилегии и индивидуални права или, поретко, врз основа на универзалните морални принципи. За последното е потребно развиено апстрактно мислење и способност за одмерување на алтернативите. Пред да се сфати релативноста на моралните принципи и различната определба на доброто и лошото во зависност од соодветната култура и општество, не може да се премине во последното ниво на морален развој. Според теоријата на Колберг ваквиот премин се постигнува во текот на средношколското и почетокот на високото образование.

Голем број автори кои го истражуваат моралниот развој за време на адолесценцијата, соопштуваат разлики во зависност од возраста, полот, местото на живеење, степенот и видот на образование, религиозноста и слично. Промените што ќе се случат во овој период се артикулираат со развојот на овие аспекти и во подоцнежните периоди од животот. Во оваа насока, клучните теории на морален развој, на пример, потврдуваат дека возраста и степенот на образование имаат важна улога во развојот на моралното мислење и манифестирањето на морално однесување (на пр. Rest et al., 1999; Thoma, 2006; Thoma & Bebeau, 2008; Thoma et al., 2008; Thoma et al., 2005). Истражувањата за поврзаноста на степенот на образование со моралното мислење покажуваат дека повисокото образовно ниво е поврзано со повисок степен на морално мислење (на пр. Bebeau, & Thoma, 1998, 1999; Bebeau et al., 1999; Rest; 1974; Rest et al., 1999; Rest & Thoma, 1985). Видот на образование, исто така, е поврзан со моралното мислење. Имено, поединците кои работат во професии

каде фокусот е ставен врз директниот контакт и работата со клиенти и во кои постои кодекс на професионална етика (на пр. психологија, медицина, правни науки итн.) покажуваат повисок степен на морално мислење (Bebeau, 2002; Bebeau & Monson, 2008; Bebeau et al.,  1999; Bebeau & Thoma, 1998, 1999; Thoma, 2006; Thoma & Bebeau, 2008; Thoma et al., 2008).

Истражувањата на Тома и соработниците (Thoma et al., 2019; Thoma et al., 2005) соопштуваат дека полот и возраста се значајно поврзани со степенот на морално мислење. Поконкретно, повозрасните адолесценти и адолесцентите од женски пол покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите избори и објаснувања во споредба со адолесцентите од машки пол. Колби и Дејмон (Colby & Damon, 1992; според Hardy & Carlo, 2005) соопштуваат слични податоци, укажувајќи дека поединците чии животи се посветени на морални цели покажуваат единство на нивното Јас со нивните морални цели. Харт и Фигли (Hart & Fegley, 1995) доаѓаат до податоци според кои адолесцентите кои се посочени како морални примери, многу почесто ги користат моралните вредности (на пр. чесност) и моралните цели (на пр. помагање на другите) кога се опишуваат себе си, за разлика од нивните врсници.

*Посредните концепти и нивното место во емпириските истражувања на моралното мислење*

Некои автори (посебно приврзаниците на неоколбергијанскиот пристап во проучувањето на моралноста, на пр. Rest et al., 1999) сметаат дека моралното мислење може да се подели на три нивоа: *апстрактно* (кое главно го истражувал Лоренс Колберг), *посредни концепти* (кои за прв пат се воведени во моделот на четири компоненти чиј автор е Џејмс Рест) и *етички кодекс* (листа од правила кои го насочуваат однесувањето на поединците, нагласувајќи кое однесување е дозволено, а кое не, без да бидат посочени причините и објаснувањата за забраните). Досегашните истражувања покажале дека апстрактното морално мислење е корисен индикатор на промените во моралното мислење во текот на животот, но дека посредните концепти овозможуваат подетален опис на промените кои се случуваат во областа на моралното мислење во еден пократок временски период. Оттаму, воведувањето на посредните концепти покажува дека тие се многу посоодветни од традиционалните мерења на моралното мислење, особено при испитување на професионалните животни контексти (Bebeau & Thoma, 1998, 1999; Thoma et al., 2005). Поддршка на ваквиот приод доаѓа и од сознанијата што се добиваат со примена на најновите програми кои ја земаат предвид едукацијата на карактерот на

децата и адолесцентите, односно нивниот морален развој (според Thoma et al., 2005).

Во доменот на моралното мислење, посредните концепти помагаат во донесување на моралните одлуки. Нивна главна карактеристика е тоа што опишуваат ниво на анализа што се наоѓа меѓу општите обрасци на Колберг и посебните етички кодекси. Посредните концепти се втемелени во специфичните професионални контексти, посебно во т.н. „професии на помагање“, во кои поединецот секојдневно се соочува со етички прашања и морални дилеми (на пр. психологија, медицина, правни науки итн.). Тие ги опфаќаат, на пример, професионалната автономија, компетентност, информирана согласност, доверливост, колегијалност, интелектуалната слобода и така натаму (Lewis, 2007). Истражувањата на Тома и соработниците (Thoma et al., 2005) покажуваат дека овие концепти не се исклучиво поврзани со одредена професионална популација, туку претставуваат нов начин на испитување на донесувањето морални одлуки.

**Морални чувства и нивниот развој во периодот на адолесценција**

Моралните чувства припаѓаат во кластерот на социјални чувства и се клучниот елемент во моралниот компас на поединецот, бидејќи претставуваат врска меѓу неговите морални стандарди и морално однесување. Тие играат главна улога при мотивирање и регулирање на повеќето мисли, чувства и однесувања на луѓето. Во периодите на детство и адолесценција помагаат во предвидувањето на исходите од социоморалните настани и во соодветното прилагодување на моралните постапки и дејствување (Arsenio & Gold, 2006; според Malty & Ongly, 2014). Воедно, го олеснуваат постигнувањето на сложените социјални цели. Моралните чувства уште се нарекуваат и самосвесни или саморегулирачки, бидејќи за да се јават потребни се самосвест и себерепрезентација. Развојно гледано, се појавуваат околу втората година од животот (нешто подоцна од основните емоции) и потешко се препознаваат невербално, бидејќи немаат дискретни и универзално признаени изрази на лицето. Настануваат од начинот на кој поединецот ги перципира своите способности и однесувања во однос на поставените стандарди.

Негативните морални чувства, како што се вината или срамот, ги предупредуваат луѓето за моралното значење на конкретна ситуација, предизвикувајќи непријатност, поради што може да послужат како претходник на моралното расудување. Оттука, со зголемување на социокогнитивниот развој и моралните чувства стануваат посложени и поповрзани со посуптилно разбирање на чувствата и мислите кај себе и кај другите луѓе (Krettenauer et al.,

2008; Malti & Latzko, 2010; спředMalti& Ongly, 2014). Во таа насока, развојните истражувања го поддржуваат тврдењето дека интеракцијата на моралните чувства и моралното сознание е важна за раниот развој на тенденциите на моралните акции (Hoffman, 2000; според Malti& Ongly, 2014). Од друга страна, ако не се очекуваат морални чувства, поголема е веројатноста сложеното морално размислување да го наведе поединецот да се обиде стратешки да ги оствари своите лични цели (Gasser & Keller, 2009; според Malti& Ongly, 2014).

Како најчесто истражувани морални чувства во релевантната литература се наведуваат срамот, вината и гордоста. Гледано развојно, срамот се јавува нешто порано од вината, но со оглед на тоа што се атрибуционално зависни чувства кои подразбираат не само проценка на настаните, туку и комплексни проценки на причините за нив, децата сè до 8 година од животот не успеваат целосно да ги разберат (посебно чувството на вина). Некои истражувања (пр. Orth et al., 2010), покажуваат дека срамот се намалува од адолесценција до средната возрасна доба, достигнувајќи најниска точка на возраст од околу 50 години, а потоа се зголемува во староста. Чувството на вина, пак, се зголемува од адолесценција до старост, достигнувајќи плато на околу 70-годишна возраст.  Автентичната гордост се зголемува во адолесценција и продолжува да се зголемува до староста, додека хубристичката гордост се намалува од адолесценција до средната возрасна доба, а потоа се забележува нејзино зголемување во староста. Воедно, во просек жените повеќе чувствуваат срам и вина во споредба со мажите, кои повеќе чувствуваат гордост.

*Истражувачки проблеми*

Во ова истражување се формулирани следниве истражувачки проблеми:

1. Дали постои поврзаност помеѓу моралното мислење и моралните чувства кај адолесценти? и
2. Дали постојат разлики помеѓу адолесценти и адолесцентки од средна и доцна адолесценција во поглед на моралното мислење и моралните чувства?

*Хипотези*

Согласно со истражувачките проблеми, извлечени се следниве хипотези:

Х1. Со зголемување на способноста за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања, напредуваат и чувствата на срам, вина и гордост, кај адолесценти.

Х2.1 Адолесцентките и адолесцентите од доцна адолесценција покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања, од адолесцентките и адолесцентите од средна адолесценција.

Х2.2 Адолесцентките од средна и доцна адолесценција покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања во споредба со адолесцентите од средна и доцна адолесценција.

Х2.3 Адолесцентките од доцна адолесценција покажуваат најголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања, додека адолесцентите од средна адолесценција покажуваат најмала способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања.

Х3.1 Адолесцентите од машки и женски пол од доцна адолесценција имаат поизразени чувства на срам, вина и гордост, од адолесцентите од машки и женски пол во средна адолесценција.

Х3.2 Адолесцентките имаат поизразени чувства на срам и вина, додека адолесцентите имаат поизразено чувство на гордост.

## Метод

### *Испитаници*

Во ова истражување се вклучени вкупно 475 адолесценти, од средна ($N$ = 352) и доцна ($N$ = 123) адолесценција. Притоа, 167 испитаници се од машки пол, а 308 испитаници се од женски пол. Од вкупниот број испитаници, 219 адолесценти учат во гимназија, 130 во техничко средно училиште, а 126 се студенти. Сите се од православна вероисповед и се државјани на РСМ.

### *Мерни инструменти*

Под *морално мислење* во ова истражување се подразбира способност на поединецот да ги идентификува и разликува добрите од лошите постапки и објаснувања при решавање на одредена морална дилема. Мерено е *со Инструментот за мерење на посредните концепти кај адолесцентите* (Intermediate Concept Measure for Adolescents - AD-ICM) чиј автор е Стивен Тома (Stephen J. Thoma). Инструментот е конструиран во 2005 година. Се состои од седум приказни во кои актерот е соочен со морална дилема. Актерите се адолесценти со фиктивни имиња на возраст блиска со онаа на испитаниците. По секоја приказна се наведени по 8 или по 9 можни постапки на актерот кои испитаникот треба да ги оцени на скала од 1 до 5 (1-цврсто верувам дека ова е добар

избор; 2-верувам дека ова е добар избор; 3-не сум сигурен/на; 4-верувам дека ова е лош избор; и 5-цврсто верувам дека ова е лош избор).

Испитаникот ги оценува сите опции, по што треба да ги рангира најдобрите три почнувајќи со најпретпочитаната. Исто така ги рангира двете најлоши опции почнувајќи од најмалку претпочитаната. Потоа испитаникот треба да оцени листа од 10 или од 11 можни причини за постапките на актерот во приказната користејќи скала од 1 до 5 (1-цврсто верувам дека ова е добра причина; 2-верувам дека ова е добра причина; 3-не сум сигурен/на; 4-верувам дека ова е лоша причина; и 5-цврсто верувам дека ова е лоша причина). Откако ќе ги оцени сите понудени причини испитаникот треба да ги рангира трите најпретпочитани, почнувајќи од онаа за која цврсто верува дека е најдобра причина што ја оправдува постапката на актерот во приказната. На крајот треба да ги наведе двете најлоши причини, почнувајќи со најмалку претпочитаната. Истата постапката се применува на сите седум приказни.

При опишување на одговорите добиени на AD-ICM се користат три индикатори: а) број на рангирани опции како најдобри (постапка и објаснување), б) број на рангирани опции како најлоши (постапка и објаснување) и в) вкупен индекс добиен од комбинацијата на добрите и лошите опции (постапки и објаснувања). Првиот индикатор на морално мислење се фокусира на способноста за идентификување на најдобрите излистани опции и се пресметува од проценките на добрите постапки и објаснувања. Тој го претставува просекот од добрите постапки и објаснувања и се прикажува како процент од вкупниот можен скор.

Вториот индикатор на морално мислење се фокусира на способноста за идентификување на најлошите излистани опции и се пресметува од проценките на лошите постапки и објаснувања. Тој го претставува просекот од лошите постапки и објаснувања и се прикажува како процент од вкупниот можен скор. Третиот индикатор е вкупен скор кој го претставува просекот од сите добри и лоши објаснувања прикажан како процент од вкупните можни поени.

Авторот соопштува вредности на Cronbach alpha кои се движат од $\alpha = .75$ за првиот индикатор, $\alpha = .77$ за вториот индикатор и $\alpha = .85$ за третиот индикатор. Добиените вредности за коефициентот на интерна релијабилност во ова истражување изнесуваат $\alpha = .77$ за првиот индикатор, $\alpha = .68$ за вториот индикатор и $\alpha = .71$ за третиот индикатор. Индексот на интерна релијабилност за целиот инструмент изнесува $\alpha = .85$. Повисоките скорови укажуваат на повисока способност за идентификување на добрите и лошите постапки и објаснувања. Инструментот е осетлив на влијанието на возраста и на степенот на образование во периодот на адолесценција и успешно ги диференцира

адолесцентите кои манифестираат проблеми во однесувањето поврзани со училишниот контекст.

*Моралните чувства* се мерени со *Скала на срам и вина* (State Shame and Guilt Scale) чиј автор е Маршал (Marschall, 1996). Оваа скала се состои од 15 тврдења, кои се одговараат на 5 степена Ликертова скала, каде (1) воопшто не се чувствувам така (2), ретко се чувствувам така (3), понекогаш се чувствувам така (4), честопати се чувствувамтака (5), секогаш се чувствувам така. Ги мери моралните чувства *срам, вина и гордост* кои се претставени низ три супскали, секоја со по пет тврдења. Повисок скор упатува на поизразено морално чувство, соодветно. Во ова истражување коефициентите на интерна релијабилност се следните: за супскалата *срам* е 0,74; за супскалата *вина* е 0,77 и за супскалата *гордост* е 0,72.

*Постапка*

Теренскиот дел е спроведен во периодот од крајот на 2018 и почеток на 2019 година. Вклучени се испитаници од неколку гимназии и средни стручни училишта од Скопје, Штип, Струмица и Куманово, како и студенти на Филозофскиот факултет во Скопје. При формирањето на конечниот примерок за анализа вклучени се само оние испитаници кои целосно ги пополнија инструментите. Истражувањето беше анонимно и реализирано во просториите на училиштата/факултетот за време на наставата.

**Резултати**

Дескриптивните статистици за анализираните варијабли морално мислење и морални чувства на ниво на цел примерок се прикажани во табела 1. Од добиените вредности за скјунес и куртозис може да се забележи дека моралните чувства покажуваат отстапување од нормалната дистрибуција, додека варијаблата *морално мислење* е нормално дистрибуирана и скоровите се движат некаде околу просекот ($M$ = .32; $SD$ = .17). Одговорите на испитаните адолесценти на супскалата *срам* се движат кон পониските скорови ($M$ = 8.89; $SD$ = 3.35), на супскалата *вина* се некаде околу просекот ($M$ = 13.18; $SD$ = 4.19), а на супскалата *гордост* се со тенденција кон повисоки скорови ($M$ = 20.19; $SD$ = 3.24). На сите три супскали од варијаблата морални чувства, како и на варијаблата морално мислење, одговорите на испитаниците се релативно хомогени. Со оглед на тоа што вредностите на супскалите од варијаблата морални чувства не се нормално дистрибуирани, во дел од понатамошните анализи ќе се применат непараметриски статистички постапки.

**Табела 1.**
*Дескриптивни статистици за варијаблите морално мислење и морални чувства кај адолесценти*

| | *N* | Мин. | Макс. | *M* | *SD* | Skewness | Kurtosis |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тот-а | 475 | -11.5 | 16.5 | 4.78 | 4.89 | -.355 | -.038 |
| Тот-б | 475 | -6.5 | 36 | 15.35 | 7.08 | -.129 | .054 |
| Тот-AD-ICM | 475 | -.12 | .77 | .32 | .17 | -.109 | -.225 |
| Срам | 475 | 5.00 | 24.00 | 8.89 | 3.35 | 1.096 | 1.337 |
| Вина | 475 | 5.00 | 24.00 | 13.18 | 4.19 | .139 | -.587 |
| Гордост | 475 | 7.00 | 25.00 | 20.19 | 3.24 | -.772 | .866 |
| Вкупно | 475 | | | | | | |

**Забелешка**: **Тот-а** - Најдобри постапки/објаснувања; **Тот-б** - Најлоши постапки/објаснувања; **Тот-AD-ICM** – морално мислење-вкупно.

Поврзаноста помеѓу моралното мислење и моралните чувства е проверена со помош на Спирмановиот коефициент на корелација (табела 2). Од резултатите се гледа дека постои статистички значајна поврзаност ($p < 0.01$) помеѓу компонентите на моралното мислење, како и помеѓу чувствата на срам, вина и гордост, но не и помеѓу варијаблите морално мислење и морални чувства. Чувствата на срам и вина се меѓусебно статистички значајно позитивно поврзани, додека нивната поединечна поврзаност со чувството на гордост е негативна. Оттука, Х1 не се потврдува.

**Табела 2.**
*Спирманов коефициент на корелација за варијаблите морално мислење и морални чувства кај адолесценти*

| | | Тот-а | Тот-б | Тот-AD-ICM | Срам | Вина | Гордост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тот-а | Correlation Coefficient | 1.000 | .571** | .837** | .064 | .009 | -.044 |
| | Sig. (2-tailed) | . | .000 | .000 | .163 | .843 | .332 |
| | N | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 |
| Тот-б | Correlation Coefficient | .571** | 1.000 | .919** | -.029 | .076 | .024 |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | . | .000 | .533 | .095 | .598 |
| | N | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 |
| Тот - AD-ICM | Correlation Coefficient | .837** | .919** | 1.000 | .011 | .050 | -.007 |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .000 | . | .819 | .281 | .874 |
| | N | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 |
| Срам | Correlation Coefficient | .064 | -.029 | .011 | 1.000 | .427** | -.423** |
| | Sig. (2-tailed) | .163 | .533 | .819 | . | .000 | .000 |
| | N | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 |
| Вина | Correlation Coefficient | .009 | .076 | .050 | .427** | 1.000 | -.182** |
| | Sig. (2-tailed) | .843 | .095 | .281 | .000 | . | .000 |
| | N | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 |
| Гордост | Correlation Coefficient | -.044 | .024 | -.007 | -.423** | -.182** | 1.000 |
| | Sig. (2-tailed) | .332 | .598 | .874 | .000 | .000 | . |
| | N | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 | 475 |

**Забелешка: Тот-а** - Најдобри постапки/објаснувања; **Тот-б** - Најлоши постапки/ објаснувања; **Тот-AD-ICM** – морално мислење-вкупно; ** $p < 0.01$

Во табела 3 се прикажани дескриптивните статистици за моралното мислење кај адолесценти од машки и женски пол, од средна и доцна адолесценција. Се забележува дека во двете возрасни групи, адолесцентките постигнуваат повисоки резултати од адолесцентите.

**Табела 3.**
*Дескриптивни статистици за варијаблата морално мислење кај адолесценти од машки и женски пол во средна и доцна адолесценција*

| **Возраст** | **Пол** | ***N*** | ***M*** | ***SD*** |
|---|---|---|---|---|
| средна адолесценција | машки | 126 | .26 | .16 |
| | женски | 226 | .34 | .17 |
| | **вкупно** | 352 | .31 | .17 |
| Доцна адолесценција | машки | 41 | .34 | .14 |
| | женски | 82 | .35 | .15 |
| | **вкупно** | 123 | .35 | .15 |
| Вкупно | машки | 167 | .28 | .16 |
| | женски | 308 | .34 | .16 |
| | **вкупно** | 475 | .32 | .17 |

Разликите во моралното мислење врз основа на возраста и полот се проверени сопомош на двофакторска АНОВА (табела 4). Од добиените резултати може да се констатира дека се најдени статистички значајни главни ефекти на варијаблите возраст ($F$ = 6.111; $p$ < 0.05) и пол ($F$ = 7.826; $p$ < 0.01), но не и статистички значаен интеракциски ефект. Со други зборови, повозрасните адолесценти и оние од женски пол имаат поразвиено морално мислење, во споредба со помладите адолесценти и со оние од машки пол. Оттука, потврдени се хипотезите 2.1 и 2.2., но не и хипотезата 2.3.

**Табела 4.**
*Резултати од двофакторската АНОВА за варијаблата морално мислење*

| **Извор** | ***SS*** | ***df*** | ***MS*** | ***F*** | **Sig.** |
|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | .164 | 1 | .164 | 6.111 | .014 |
| Пол | 210 | 1 | .210 | 7.826 | .005 |
| Возраст * пол | .092 | 1 | .092 | 3.447 | .064 |
| Грешка | 12.616 | 471 | .027 | | |
| Вкупно | 62.376 | 475 | | | |

Разликите помеѓу адолесцентите од средна и од доцна адолесценција во однос на моралните чувства се проверени со помош на Ман-Витни тестот (табели 5 и 6). Добиените резултати покажуваат дека статистички значајна разлика помеѓу испитаниците од средна и од доцна адолесценција е најдена единствено за чувство на *вина* ($U$ = 17670.5; $p < 0.01$), односно чувството на вина е поизразено кај помладите адолесценти. Овој наод е спротивен на поставената хипотеза 3.1. Во однос на чувствата на срам и гордост не се најдени статистички значајни разлики помеѓу двете споредувани групи. Статистички значајни разлики не се најдени за ниту едно од трите морални чувства помеѓу адолесцентите од машки и од женски пол. Оттука, хипотезите 3.1 и 3.2 не се потврдени.

**Табела 5.**
*Резиме на рангираните податоци*

| **Морални чувства** | **Возраст** | ***N*** | **Среден ранг** |
|---|---|---|---|
| Срам | средна адолесценција | 352 | 249.76 |
| | доцна адолесценција | 123 | 221.78 |
| | вкупно | 475 | |
| Вина | средна адолесцеција | 352 | 256.14 |
| | доцна адолесценција | 123 | 203.74 |
| | вкупно | 475 | |
| Гордост | средна адолесценција | 352 | 244.72 |
| | доцна адолесценција | 123 | 236.20 |
| | вкупно | 475 | |

**Табела 6.**
*Резултати од Ман Витни*

| | **Срам** | **Вина** | **Гордост** |
|---|---|---|---|
| **Ман-Витни Ју** | 19955.5 | 17670.5 | 21760.5 |
| ***Z*** | -1.937 | -3.627 | -.591 |
| ***p*** | .053 | .000 | .555 |

а. Варијабла за групирање: Возраст

**Дискусија**

Резултатите од ова истражување се делумно во склад со теоретските и со емпириските сознанија поврзани со моралното мислење и моралните чувства кај адолесцентите. Ова посебно се однесува на наодите во врска со возрасните и половите разлики во моралното мислење, иако интеракцискиот ефект изостанува. Оттука, може да се заклучи дека со зголемување на возраста адолесцентите покажуваат поголема способност да ги идентификуваат добрите и лошите постапки и објаснувања, односно покажуваат поразвиено морално мислење (што е поизразено кај адолесцентките). Слични резултати се добиени во истражувањето на Фрицханд (Fritzhand, 2013), каде е најдено дека кај адолесцентките ваквите промени се поизразени помеѓу средната и доцната адолесценција (што се потврдува и во ова истражување), додека кај адолесцентите тие се поизразени помеѓу раната и средната адолесценција. Добиените резултати се во склад и со оние соопштени во голем број други истражувања (пр. Thoma et al., 2019; Thoma et al., 2005).

Наодите во однос на поврзаноста помеѓу моралното мислење и моралните чувства не покажаа статистичка значајност помеѓу овие два анализирани домени на моралноста. Значајна поврзаност е најдена само во рамки на секој од домените, што е очекувано. Иако е потврдено дека со напредување на социокогнитивниот развој, напредуваат и се усложнуваат и моралните чувства, сепак станува збор за два независни домени на моралноста кои имаат свое место во објаснувањето на моралното однесување на поединците. Во конкретниот случај, наодите можеби се должат на изборот на инструменти, на самиот примерок, но и на ограничувањата поврзани со можностите за примена на понапредни статистички постапки за обработка на податоците поради отстапувањата од нормалната дистрибуција токму на варијаблата морални чувства.

Споредбите помеѓу помладите и повозрасните адолесценти во однос на чувствата на срам, вина и гордост, покажаа дека постојат значајни разлики само за чувството на вина и тоа во корист на помладите адолесценти. Адолесценцијата е мошне динамичен возрасен период од аспект на промените што се случуваат во сите развојни домени, а посебно во доменот на моралот. Со зголемување на возраста адолесцентите стануваат поспособни да ги земат предвид моралните вредности и позицијата на актерот во конкретна морална дилема. Тоа е поврзано со вредносниот систем што адолесцентот го има изградено, но и со достигнатиот степен на морален развој во целина. Ваквите промени, очекувано, се поврзани и со промени во моралните чувства. Дел од емпириските сознанија (пр. Orth et al., 2010), посочуваат дека кога се работи за чувството на вина, доаѓа до негово зголемување од адолесценција

до старост, достигнувајќи плато на околу 70-годишна возраст. Во актуелново истражување, резултатите покажуваат дека тоа е пониско во доцна, отколку во средна адолесценција, што не е во согласност со наодите на Орт и соработниците. Не се најдени ниту значајни разлики помеѓу половите, што повторно не е во склад со наодите на овие автори, кои во нивното истражување соопштуваат дека во просек жените повеќе чувствуваат срам и вина во споредба со мажите, кои повеќе чувствуваат гордост. Земено во целост, се наметнува заклучокот дека се потребни понатамошни истражувања со поголем возрасен дијапазон, со повеќе варијабли кои потенцијално би се јавиле во улога на модератори и/или предиктори, со поинакви мерни инструменти и со понапредна статистичка обработка на податоците.

## Литература


Bebeau, M.J. (2002). The Defining Issues Test and the Four Component Model: contributions to professional education. *Journal of Moral Education*, 31(3), 271-295.

Bebeau, M.J., & Monson, V.E. (2008). Guided by Theory, Grounded in Evidence: A Way Forward for Professional Ethics Education. Во: Nucci, J., & Narvaez, D. (Eds.), *Handbook on Moral and Character Education*(557-582), Mahwah, NJ: Erlbaum Associates.

Bebeau, M.J., & Thoma, S.J. (1998). *Designing and Testing a Measure of Intermediate Level Ethical Concepts*. Paper presented at the Annual Meeting of the American Educational Research Association. San Diego, CA.

Bebeau, M.J., & Thoma, S.J. (1999). "Intermediate" Concepts and the Connection to Moral Education. *Educational Psychology Review*, 11(4), 343-360.

Bebeau, M., Rest, J., & Narvaez, D. (1999). Beyond the Promise: A Perspective on research in Moral Education. *Educational Researcher*, 28(4), 18-26.

Casebeer, W.D. (2003). Moral cognition and its neural constituents. *Nature reviews, Neuroscience*, 4(10), 841-846.

Fritzhand, A. (2013). *Moral Thinking and Moral Self-concept in Adolescence: Results from the Study on Adolescents in the Republic of Macedonia*. ISBN 978-3-639-51916-7 Germany: Scholars Press.

Greene, J.D., Sommerville, R.B., Nystrom, L.E., Darley, J.M., & Cohen, J.D. (2001). An fMRI investigation of emotional engagement in moral judgment. *Science*, 293, 2105 – 2108.

Hardy, S.A., & Carlo, G. (2005). Identity as a Source of Moral Motivation. *Human Development*, 48(4), 232-256.

Hart, D., & Fegley, S. (1995). Prosocial Behavior and Caring in Adolescence: Relations to Self-Understanding and Social Judgments. *Child Development*, 66(5), 1346-1359.

Lewis, A.E. (2007). *The moral judgement of gifted adolescents*. Doctoral dissertation. The Faculty of the Graduate School of the University of Minnesota (преземено од: www.umn.edu, 2008)

Malti, T., & Ongley, S.F. (2014). The Development of Moral Emotions and Moral Reasoning. Во: Killen, M. & Smetana, J.G. (Eds.) *Handbook of Moral Development*, Sec. Ed., 163-183, Psychology Press.

Moll, J., Zahn, R., de Oliveira-Souza, R., Krueger, F., & Grafman, J. (2005). The neural basis of human moral cognition. *Nature reviews. Neuroscience*, 6(10), 799-809.

Moshman, D. (2005). *Adolescent Psychological Development. Rationality, Morality and Identity*. Sec.Ed. New Jersey: Lawrence Erlbaum Associate Publishers.

Мурџева-Шкариќ, О. (2011). *Психологија на детството и на адолесценцијата. Развојна психологија 1.* Скопје: Филозофски факултет.

Orth, U., Robins, R. W., & Soto, C. J. (2010). Tracking the trajectory of shame, guilt, and pride across the life span. *Journal of Personality and Social Psychology*, 99(6), 1061-1071.

Rest, J.R. (1974). Developmental Psychology as a Guide to Value Education: A Review of "Kohlbergian" Programs. *Review of Educational Research*, 44(2), 241-259.

Rest, J.R., & Thoma, S.J. (1985). Relation of Moral Judgment Development to Formal Education. *Developmental Psychology*, 21(4), 709-714.

Rest, J., Narvaez, D., Bebeau, M., & Thoma, S. (1999). A Neo-Kohlbergian Approach: The DIT and Schema Theory. *Educational Psychology Review*, 11(4), 291-324.

Rozin, P., Haidt, J., & Fincher, K. (2009). From oral to moral. *Science*, 323(5918), 1179-1180.

Thoma, S. J. (2006). Research on the Defining Issues Test. Во: Killen, M. & Smetana, J. (Eds.), *Handbook of Moral Development*(67-92), NY: Psychology Press, Ltd.

Thoma, S. J., & Bebeau, M. (2008). *Moral judgment competency is declining over time: Evidence from twenty years of Defining Issues Test data*. Paper presented at the AERA Conference, New York.

Thoma, S.J., Bebeau, M., & Boland, A. (2008) The role of moral judgment in context-specific professional decision making, Во: Veugelers, W.& Oser, F. (Eds.) *Getting involved: Global citizenship development and sources of moral values*. Sense Publishers, Hague, The Netherlands.

Thoma, S.J., Hestevold, N., Sargent, J. & Crowson, D. (2005). Describing and testing a contextualized measure of adolescent moral thinking. (текстот е добиен во лична комуникација со првиот автор во март, 2008 година).

Thoma, S.; Walker, D.; Chen, Y.H.; Frichand, A.; Moulin-Stożek, D.; & Kristjansson, K. (2019).

Adolescent's Application of the Virtues Across Five Cultural Contexts. *Developmental Psychology*, 55(10), 2181-2192.

Waldman, M.R. (2006). A case for the moral organ? *Science*, 314(5796), 57-58.

# MORAL THINKING AND MORAL EMOTIONS AMONG ADOLESCENTS

**Ana Fritzhand**
**Zoran Kitkanj**

## Abstract

Moral thinking and moral emotions are two important domains in moral psychology. Main goal of this research is to investigate the relationship between moral thinking and moral emotions in adolescence. Therefore, two main research questions are defined: *Is there a relationship between moral thinking and moral emotions in adolescents?* and *What are the differences between male and female adolescents from middle and late adolescence in terms of their moral thinking and moral emotions?* A total of 475 adolescents from middle ($N$ = 352) and late ($N$ = 123) adolescence was included in this study. Thereby, 167 respondents are male, and 308 respondents are female. Out of the total number of respondents, 219 adolescents' study in high school, 130 in technical high school, and 126 are students. Significant correlation ($p < .01$) was obtained among the analysed moral emotions, i.e., between the components of moral thinking, but not between the two variables. The two-way ANOVA confirms significant main effects for age ($F = 6.111$; $p < .05$) and sex ($F = 7.826$; $p < .01$), but no significant interaction effect. This means that older adolescents and females have a more developed moral thinking, compared to younger adolescents and males. When analysing the differences in moral emotions, the respondents from middle adolescence feel more guilt, compared to the older adolescents ($U = 17670.5$; $p < 0.01$). Sex differences in moral emotions were not found.

**Keywords:** *moral thinking, moral emotions, adolescence*